# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 20 септември 1991
Скопје
Број 43 Год. XLVII

Аконтацијата за 1991 година изнесува 1.300 динари. Овој број чини 20 динари. Жиро сметка 40100-603-12498

**827.**

Врз основа на член 25 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на СРМ“ број 9/77, 6/81, 46/82, 11/87 и 10/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

I. За јавен правобранител на Македонија, се именува Јорго Хаџи Стерјо, јавен правобранител на Македонија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3755/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов, с.р.**

**828.**

Врз основа на член 34 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82, 11/87, 12/89, 10/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО СКОПЈЕ

I. За заменици на окружниот јавен обвинител во Скопје се именуваат:

Роксанда Крстевска, заменик на окружниот јавен обвинител во Скопје,

Миомир Зечевиќ, заменик на окружниот јавен обвинител во Скопје и

Стеван Павлевски, досегашен потсекретар на Службата за државна безбедност во Министерството за внатрешни работи.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3754/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов, с.р.**

**829.**

Врз основа на член 34 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82, 11/87, 12/89, 10/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ОПШТИНСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО СКОПЈЕ

I. За заменици на општинскиот јавен обвинител во Скопје, се именуваат:

Вера Илиевска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Скопје,

Миле Пиневски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Скопје и

Катица Соколовска-Гигова, заменик на општинскиот јавен обвинител во Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3757
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов, с.р.**

**830.**

Врз основа на член 34 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82, 11/87, 12/89, 10/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОПШТИНСКИ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО БЕРОВО

I. За општински јавен обвинител во Берово се именува Јован Чичаковски, општински јавен обвинител во Берово.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3758/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов, с.р.**

**831.**

Врз основа на член 34 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82, 11/87, 12/89, 10/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОПШТИНСКИ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО РАДОВИШ

I. За општински јавен обвинител во Радовиш, се именува Најко Арсов, претседател на Општинскиот суд за прекршоци во Радовиш.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3759/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**832.**

Врз основа на член 34 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82, 11/87, 12/89, 10/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ОПШТИНСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО КАВАДАРЦИ

I. За заменик на општинскиот јавен обвинител во Кавадарци се именува Драгица Митрева, заменик на општинскиот јавен обвинител во Кавадарци.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3756/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**833.**

Врз основа на член 61 став 3 од Законот за избор на органите на управување и другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности, се избираат:

Миле Јаќоски, педагог — директор на Центарот за рехабилитација и образование „Македонија — Скопје“ и

Никола Куциновски, педагог — досегашен советник во Министерството за образование и физичка култура.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3764/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**834.**

Врз основа на член 40 од Законот за основите на општествениот систем на информирањето и за информациониот систем на Федерацијата („Службен лист на СФРЈ“ број 68/81), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ ЗА ИНФОРМИРАЊЕТО НА СФРЈ

1. За член на Советот на општествениот систем за информирањето на СФРЈ се делегира Тошо Мишевски, помошник во Министерството за наука.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3761/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р

**835.**

Врз основа на член 228 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ број 21/84, 31/84 и 32/85), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

I. За претседател на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата се именува Томе Малевски, досегашен претседател и потпретседател на Стопанската комора на Македонија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3760/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**836.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 29/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет во Скопје, се именуваат:

д-р Благој Ханџиски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Петар Темелковски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3762/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

---

**837.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 29/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија. на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ПОСЕБНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. За членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Филолошкиот факултет во Скопје, се именуваат:

Зоран Крстевски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Домница Минчева, самостоен советник за општествени дејности во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3763/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

---

**838.**

Врз основа на член 43 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/78, 43/78, 35/85 и 17/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН СЛУХ „25 МАЈ“ СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани:

Душан Перески,
Велимир Ивановски и
Домница Минчева.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Центарот за професионална рехабилитација на деца и младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје се именуваат:

Ели Маказлиева вработена во „Просветно дело“,

Навсика Петровска, вработена во Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности Скопје и

Верка Стојмирова, социјален работник во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3766/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

---

**839.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/88, 7/88, 18/89, 29/89, 29/90 и 11/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Правниот факултет во Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани:

Љубомир Поповски и
Мирјана Гошева.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Правниот факулатет во Скопје се именуваат:

Томислав Стефковски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Александар Гештаковски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3765/1
16 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**840.**

Врз основа на ставот 1 на член 26 од Законот за републички референдум („Службен весник на СРМ“ бр. 29/73), Републичката комисија за спроведување на референдумот, на седницата одржана на 18 септември 1991 година, го утврди следниот

## РЕЗУЛТАТ

### ОД РЕФЕРЕНДУМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАН НА 8 СЕПТЕМВРИ 1991 ГОДИНА

1. Право на глас на референдумот на кој граѓаните, врз основа на Одлуката на Собранието на Република Македонија за распишување на референдум во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 37/91), се изјаснуваа за прашањето „Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија“ имаа 1.495.807 граѓани на Република Македонија

2. На референдумот, со непосредно и тајно гласање, се изјаснија 1.132.981 граѓани или 75,75% од вкупниот број граѓани со право на глас.

3. За прашањето за кое се одлучуваше на референдумот со „за“ се изјаснија 1.079.308 граѓани или 72,16% од вкупниот број на граѓани со право на глас, со „против“ се изјаснија 39.639 граѓани или 2,65%, а 13.648 или 0,91% гласачки ливчиња беа неважечки.

4. За начинот на кој беше спроведен референдумот не беа поднесени приговори или жалби, поради неправилности или повреди на одредбите на Законот за републички референдум.

5. Врз основа на резултатот од изјаснувањето на граѓаните, Републичката комисија за спроведување на референдумот утврди дека референдумот во Република Македонија, одржан на 8 септември 1991 година, согласно членот 4 од Законот за републички референдум е полноважен.

6. Овој резултат од референдумот во Република Македонија, одржан на 8 септември 1991 година, согласно ставот 1 на член 26 од Законот за републички референдум, ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Број 20-29
20 септември 1991 година
Скопје

Претседател на комисијата,
**Никола Конески,** с.р.

Секретар на комисијата,
**Георгина Мицковска,** с. р.

ЧЛЕНОВИ:
1. **Лазо Лабачевски,** с.р.
2. **Ванчо Чучевски,** с.р.
3. **Димитар Спировски,** с. р.
4. **Александар Бошњаковски,** с. р.
5. **Станка Петреска,** с.р.

---

**841.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на Република Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа, на седницата одржана на 10 септември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА делот на член 1 од Одлуката за начинот на преземање на работите од општински органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр 1/91 и 8/91), донесена од Извршниот совет на Собранието на Република Македонија, што се однесува на преземањето на надлежностите на општинските и на органите на управата на Град Скопје.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Собранието на Град Скопје и Собранието на Општина Дебар, со одделни предлози упатени до Уставниот суд на Македонија, поведоа постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што со неа се уредувале прашања од областа на разграничување на правата и должностите односно надлежностите на Републиката и општината односно градската заедница, што можело да биде предмет на уредување само на закон и што со преземањето на општинските односно органите на градската заедница се оневозможувало остварувањето на оригинерните уставни функции и положба на општината односно на градската заедница, што не било во согласност со Амандман XLV став 2 и Амандман LXIX на Уставот на Република Македонија и било во спротивност со членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Амандманите LVII до LXXX на Уставот на Република Македонија.

Собранието на Град Скопје наведе дека оспорената одлука била во спротивност и со член 238 став 1 од Законот за органите на управата, затоа што со него не била предвидена можност да се преземат работите и на органите на градската заедница.

3. По барање на Министерот за правосудство и управа, Судот даде можност Владата да ја преиспита оспорената одлука во определен рок. Владата го извести Судот дека смета оти оспорената одлука не е во несогласност со Уставот и не е во спротивност со закон.

4. На јавната расправа, како и во мислењето што Владата го достави во рокот што Судот го определи за преиспитување на оспорената одлука, беше изнесено дека функциите на општинските органи на управата, како и на органите на управата на Град Скопје, престанаа со влегувањето во сила на Амандманите LVII до LXXX на Уставот и Законот за органите на управата, со кој се изврши усогласување на правата и должностите на Републиката во вршењето на управните функции со Амандманот LXIX на Уставот и се востанови единствена републичка управа, без можност општините односно Градот Скопје да основаат органи на управата. Поради тоа, со оспорената одлука според мислењето на Владата, само се уредува начинот на преземањето надлежностите од општинските и органите на управата на Град Скопје, односно се определуваат само органите на управата во чиј делокруг преминуваат нивните надлежности, а не се врши преземање на надлежностите, затоа што нивните функции фактички се укинаа односно пренесоа на органите на управата на Републиката со Амандманите на Уставот, како и со Законот за органите на управата.

5. На јавната расправа и на седницата Судот утврди дека член 1 став 1 од оспорената одлука предвидува досегашните надлежности, работниците, опремата, инвентарот и другите работи, архивата и документацијата на општинските органи на управата и на Градот Скопје да ги преземаат надлежните органи на управата и управните организации на Република Македонија во рамките на делокругот на нивната работа определен со Законот за органите на управата. Според став 2 на овој член од Одлуката разграничувањето на работите и преземањето на работниците кои вршеле работи и задачи во повеќе управни области на поранешните општински органи на управата се врши врз основа на меѓусебен договор на функционерите кои раководат со органите на управата и управните организации на Републиката.

Во член 2 од Одлуката е предвидено функционерите кои раководеле со општинските органи на управата да продолжат да раководат со поранешните општински органи на управата кои како организациони единици продолжуваат да работат во рамките на соодветните министерства, другите органи на управата и управните организации до нив-

Член 3

Динарската противвредност на посебниот надомест од член 2 на оваа одлука се формира со множење на износите на посебниот надомест изразен во САД долари со пресметковниот курс утврден за периодот за кој се наплатува надоместокот.

Член 4

Пресметковниот курс на САД долари се усогласува месечно според званичниот продажен курс на САД долари на петтиот ден во месецот, а се применува од десеттиот ден во месецот, заклучно до деветтиот ден во наредниот месец.

По исклучок усогласувањето може да се врши и порано во случај кога званичниот курс на САД доларот ќе се измени за повеќе од 10% во однос на последниот утврден пресметковен курс. Во тој случај новиот износ ќе се наплатува веднаш.

Плаќањето на посебниот надомест се врши исклучиво во југословенски динари.

Член 5

При пресметување на износите на надоместокот од САД долари во југословенски динари се врши заокружување на износите и тоа: износите од 1,00 до 2,50 динари на 0,00 динари, износите од 2,50 до 5,00 динари на 5,00 динари, износите од 5,00 до 7,50 динари на 5,00 динари и износите од 7,50 до 10,00 динари на 10,00 динари.

Член 6

Месечното усогласување на пресметковните курсеви на САД доларот во однос на динарот се овластува да го врши Стручната служба на РСИЗ за патишта врз основа на званичната листа на продажните девизни курсеви, за што ќе поднесува извештај на првата наредна седница на Собранието.

Член 7

Средствата кои се остваруваат со наплата на посебниот надомест се приходи на Републичката СИЗ за патишта и се уплатуваат на посебна сметка на Службата за општествено книговодство.

Член 8

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делницата од автопатот Куманово—Титов Велес за возилата регистрирани надвор од СФРЈ („Службен весник на СРМ" бр. 36/88).

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонијаа".

Бр. 14-1438/5
11 септември 1991 година
Скопје

Претседател,
**Никола Таневски**, с. р.

**109.**

Врз основа на член 96, став 2 и член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80, 26/80, 28/82, 13/86 и 23/88) и член 18 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Собранието на Републичката СИЗ за патишта, на седницата одржана на 11. IX 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВОВЕДУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТ ЗА УПОТРЕБА НА ДЕЛНИЦИТЕ ОД АВТОПАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВОЗИЛАТА РЕГИСТРИРАНИ ВО СФР ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

За употреба на магистралниот пат бр. 1 (автопат) на делниците во Република Македонија се воведува плаќање на посебен надомест за возилата регистрирани во СФРЈ (возила со домашна регистрација).

Член 2

Висината на посебниот надоместок за употреба на Автопатот за возилата регистрирани во СФРЈ (возила со домашна регистрација), се утврдува врз основа на малопродажната цена на литар гориво МБ-98, а се наплатува во динари во зависност од категоријата на возилото и должината на релацијата и тоа:

1. За моторни возила со две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) во правците:

| | | |
|---|---|---|
| — Куманово—Миладиновци или обратно | 0,750 | литри |
| — Скопје—Петровец или обратно | 0,540 | " |
| — Петровец—Титов Велес или обратно | 1,100 | " |
| — Титов Велес—Градско или обратно | 0,900 | " |

2. За моторни возила со повеќе од две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | | |
|---|---|---|
| — Куманово—Миладиновци или обратно | 1,130 | литри |
| — Скопје—Петровец или обратно | 0,800 | " |
| — Петровец—Титов Велес или обратно | 1,650 | " |
| — Титов Велес—Градско или обратно | 1,350 | " |

3 За моторни возила со две и три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на влечното возило) за правците:

| | | |
|---|---|---|
| — Куманово—Миладиновци или обратно | 2,250 | литри |
| — Скопје—Петровец или обратно | 1,620 | " |
| — Петровец—Титов Велес или обратно | 3,300 | " |
| — Титов Велес—Градско или обратно | 2,700 | " |

4. За моторни возила со повеќе од три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | | |
|---|---|---|
| — Куманово—Миладиновци или обратно | 4,500 | литри |
| — Скопје—Петровец или обратно | 3,240 | " |
| — Петровец—Титов Велес или обратно | 6,600 | " |
| — Титов Велес—Градско или обратно | 5,400 | " |

Член 3

Висината на посебниот надоместок за употреба на Автопатот се пресметува во динари со множење на количините од член 2 со малопродажната цена на литар гориво МБ-98, а усогласувањето се врши најдоцна во рок од 5 дена по промена на малопродажната цена на горивото.

Член 4

При пресметување на износите на надоместокот се врши заокружување на износите од 1,00 до 2,50 динари на 0,00 динари, износите од 2,50 до 5,00 динари на 5,00 динари, износите од 5,00 до 7,50 динари на 5,00 динари и износите од 7,50 до 10,00 динари на 10,00 динари.

Член 5

Усогласувањето на надоместокот со малопродажната цена на горивото се овластува да ја врши Стручната служба на РСИЗ за патишта за што се поднесува Извештај на Собранието на РСИЗ за патишта.

Член 6

Имателите на моторните возила можат да извршат претплата за употреба на наведените делници од автопатот на начин и услови што со посебен акт ги утврдува Републичката СИЗ за патишта.

Член 7

Средствата кои се остваруваат со наплата на посебниот надомест се приход на Републичката СИЗ за патишта и се уплатуваат на посебна сметка во Службата на општественото книговодство.

Член 8

Со влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на магистралниот пат број 1 на делницата од Куманово—Титов Велес („Службен весник на СРМ" бр. 45/90).

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Р Македонија".

Бр. 14-1438/6
11 септември 1991 година
Скопје

Претседател,
**Никола Танески**, с. р.

---

ИСПРАВКА

Во Уредбата за општите начела за внатрешна организација на органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 22/91), во член 6 став 3 во првиот ред по зборот „секретаријатот" треба да се додаде и зборот „секторот", а во третиот ред, исто така по зборот „секретаријат" да се додаде зборот „сектор".

Од Министерството за правосудство и управа

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Чекови од бр. 34146357 до 34146370, на тековна сметка бр. 94683/41 издадени од Комерцијална банка а.д. — Скопје, на име Магдалена Стоилковска, Скопје.

Чекови бр. 1595247 и бр. 1184487, на тековна сметка бр. 15065/19, издадени нд Комерцијална банка а.д. — Скопје на име Мира Јанчиќ, Скопје.

Тековна картичка бр. 77725/12 и чекови бр. 4337148, 4337149 и 4337150, издадени од Комерцијална банка а. д — Скопје на име Љупчо Здравковски, с. Петровец, Скопје.

Чекови од бр. 5117483 до 5117490; бр. 4355729, 4355730 и 4099130 на износ 643,10 со датум 31. VIII. 1991 год., од тековна сметка бр. 41396/16, издадени од Комерцијална банка а.д. — Скопје на име Трпкоска Слободанка, ул. „14" бр. 3, с. Радишани, Скопје.

Чековна карта бр. 15-50-12524-3 и чекови бр. 542438, 542439 и 542440, издадени од Југобанка а.д. — Белград — Експозитура — Куманово на име Горан Трајковски, ул. „Народна Револуција" бр. 134, Куманово.

Чековна карта бр. 0004008995 и чекови од бр. 3297735 до 3297740, издадени од Комерцијална банка а.д. — Скопје на име Гоце Димески, Скопје.

Тековна сметка бр. 0005234474 и чекови од бр. 3105574 до 3105580, и чек бр. 3105566, издадени од Комерцијална банка а.д. — Скопје на име Душкоски Ѓорѓи, ул. „Народни херои" бр. 23-1/26, Скопје.

Тековна картичка бр. 18147-32 и чекови од бр. 3363839 до 3363850 (12) и од бр. 4607171 до 4607180 (10), издадени од Комерцијална банка а.д. — Скопје на име Душан Алексовски, Скопје.

Чековна карта бр. 102854/94 и чекови од бр. 4672291 до 4672300, издадени од Комерцијална банка а.д. — Скопје на име Зоран Нарашанов, Скопје.

Тековна сметка бр. 87867/56 и чекови од бр. 35287110 до 35287120 (11 чека бланко), издадени од Комерцијална банка а.д. — Скопје на име Зоран Никанчевски, ул. „Јани Лукровски" згр. V-2/23, Скопје.

Чековна карта бр. 58073-61 и чекови од бр. 4149943 до 4149950 и од 50908441 до 50908460, издадени од Комерцијална банка а.д. — Скопје на име Трајче Стојковиќ, Скопје.

Работна книшка бр. 2738/68 на име Јовчевски Никола, Скопје. (1986)

Штедна книшка издадена од Југобанка — Куманово на име Елизабета Зафировска, с. Лопате, Куманово. (2000)

Работна книшка на име Сашо Јакимовски, Куманово. (2010)

Работна книшка на име Светлана Бијелиќ, Охрид.

Работна книшка на име Коце Данилов, Кочани.

Уверение бр. 8262 на име Ирфан Саљи, с. Камењане, Тетово. (2013)

Работна книшка на име Стојмир Чесмациески, Куманово. (2026)

Работна книшка на име Анкица Лазаровска, Куманово. (2027)

Чекови бр. 4184847 и 4184848, издадени од Комерцијална банка АД — Скопје на име Драган Алачки, Скопје. (2029)

Решение Уп. бр. 14-4776 од 4. IX. 1989 година на име Зорица Поповска, Скопје. (2031)

Воена книшка на име Алили Скендер, с. Ваксинце, Куманово. (2040)

Работна книшка на име Станка Ѓорѓеска, Тетово. (2041)

Сервисна книшка бр. 338161 за возило 126 ПГЛ, бр. на мотор 6094553, бр. на шасија 19432821, издадена од „Застава промет", Скопје, ДОО — Скопје, на име Нинослав Салциев, Скопје. (2045)

Одобрение бр. 12-5064 од 18. VI. 1985 година на име Манче Мишевски, Скопје. (2046)

Решение Уп. бр. 12-10439 од 16. XI. 1990 година на име Димитар Темков, Скопје, (2050)

Тековна картица бр. 70242/53 и чекови од бр. 2386934 до 2386950 (17 чека) издадени од Стопанска банка — Скопје на име Татјана Ѓорѓиевска, Скопје. (2051)

Тековна карта бр. 70334/46 и чекови од бр. 4055551 до 4055565 (15 чека) издадени од Комерцијална банка, Скопје, на име Зоран Цорлев, Скопје.

Работна книшка на име Светлана Јакимовска, Скопје. (2054)

Чековна картичка бр. 04948/99 и чекови од серија бр. 3595741 до 3595770, издадени од Комерцијална банка, АД Скопје, на име Верка Славковска, Скопје. (2056)

Чековна карта бр. 3043241 и чекови од бр. 30723447 до 30723450 (4 чека) издадени од Комерцијална банка — Скопје, на име Елена Шкиљевиќ, Скопје. (2057)

Тековна картичка бр. 15-50-01950-4 и чекови бр. 419746 и 419747 издадени од Југобанка — Скопје на име Никола Максимовски, Скопје. (2058)

Воена книшка на име Марко Марков, Титов Велес. (2064)

Одобрение за варција на име Узри Зеќири, Гостивар. (2065)

Работна книшка на име Корунче Кукуловски — Ресен. (2066)

Тековна книшка бр. 57-704/88 и чекови од бр. 3749058 до 3749070 (13 чека) издадени од Комерцијална банка АД, Скопје на име Лазар Пренцов, Скопје.

Чековна картичка бр. 73037 76 и чекови од бр. 003312343 до 003312360 издадени од Комерцијална банка АД — Скопје, на име Свето Зилковски, Скопје.

Тековна сметка бр. 366605 и чекови од бр. 3329627 до 3329630 (4 чека) издадени од Комерцијална банка — Скопје на име Велко Тарчуговски, Скопје. (2069)

Чековна карта 65120-79 и чекови од бр. 3637841 до 3637860 издадени од Комерцијална банка — Скопје, на име Драги Ѓорѓиев, Скопје. (2070)

Сообраќајна дозвола бр. ТЕ 332-32 на име Шаќир Јакупи, с. Озормиште, Тетово. (2079)

Чековна карта бр. 289/32 и чекови од бр. 000670133 до 000670139, издадени од Љубљанска банка ДД — Љубљана, Филијали Скопје, Експозитура Ресен, на име Ивановски Кирил, Ресен. (2082)

Работна книшка на име Ненад Цветковски, Куманово. (2089)

**Во издание на НИРО СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИЗЛЕЗЕ од печат**

**ЗБИРКА
НА ПРОПИСИ ЗА ВЛАДАТА И ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**— со објаснувања и со предговор —
од м-р Киро Адамчески**

**Збирката ги содржи: Законот за Владата на Република Македонија, Законот за органите на управата, Деловникот за работа на Владата на Република Македонија. Уредбата за општите начела за внатрешна организација на органите на управата, Уредбата за номенклатурата на единствените називи за групи на работи и задачи од ист вид и условите за нивното вршење во органите на управата и Одлуката за начинот на преземање на работите од општинските органи на управата.**

**Цена на збирката е 380,00 динари.**

**Порачки се испраќаат на адреса: НИРО Службен весник на Република Македонија, 91000 Скопје, жиро сметка 40100-603-12498.**

## СОДРЖИНА

Страна

827. Одлука за именување јавен правобранител на Македонија — — — — — — — 709
828. Одлука за именување заменици на окружниот јавен обвинител во Скопје — — 709
829. Одлука за именување заменици на општинскиот јавен обвинител во Скопје — — 709
830. Одлука за именување општински јавен обвинител во Берово — — — — — 709
831. Одлука за именување општински јавен обвинител во Радовиш — — — — — 710
832. Одлука за именување заменик на општинскиот јавен обвинител во Кавадарци — 710
833. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности 710
834. Одлука за делегирање член на Советот на општествениот систем на информирањето на СФРЈ — — — — — — — 710
835. Одлука за именување претседател на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата — — — — — — 710
836. Одлука за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет во Скопје 711
837. Одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Филолошкиот факултет во Скопје 711
838. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ Скопје — — — — — 711
839. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Правниот факултет во Скопје 711
840. Резултат од референдумот во Република Македонија одржан на 8 септември 1991 година — — — — — — — — — 712
841. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 26/91 од 10 септември 1991 година 712

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

108. Одлука за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од автопатот во Република Македонија за возилата со странска регистрација — 713
109. Одлука за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од автопатот во Република Македонија за возилата регистрирани во СФР Југославија — — — — — — — — 714

**Исправка** на Уредбата за општите начела за внатрешна организација на органите на управата — — — — — — — — 715

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах. 51 Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев“ — Скопје**